Република Македонија

Државен Студентски дом „Кочо Рацин„

Бр. 01-253/1

10.07.2019 год.

Б и т о л а

Врз основа на член 35, став 1, алинеја 1 од Законот за студентски стандард Консолидиран текст (Службен весник на Република Македонијав бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014,146/2015,30/16и 178/16).), како и врз основа на член 31 и 55 од Статутот на Студентскиот дом 'Кочо Рацин" Битола, Управниот одбор на Домот, на седницата одржана на ден 10.07.2019 година, ја донесе следната

# С Т А Т У Т

# НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ ,,КОЧО РАЦИН,, БИТОЛА

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут на Државниот студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола (во понатамошниот текст: Домот) се уредуваат називот и седиштето, дејноста, организацијата, функционирањето и управувањето, раководењето, финансирањето, јавност во работењето, информирањето, надзор над работењето, одбраната и други прашања.

### Член 2

Домот е организиран како јавна (државна) установа за студентски стандард. Дејноста што ја извршува е од јавен интерес.

Државниот студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола има својство на правно лице и е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Како правно лице во прометот со трети лица одговара со сите свои средства со кои располага-целосна одговорност.

### Член 3

Називот на Домот е: Државен студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола.

Скратен назив на е: ДСД „Кочо Рацин„ Битола.

Седиштето на Домот е на Ул.„ Студентска„ бр. 2, Битола.

Член 4

Домот е основан со Решение на Општина Битола бр. 08-5377/1 од 17.12.1979 година.

Член 5

Домот има печат и штембил.

Печатот на Домот има кружен блик , со пречник од 32 мм и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо.
Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а околу него надворешен круг со писмо: Република Северна Македонија, и внатрешен круг со писмо: Државен Студентски дом,, Кочо Рацин,, Битола.

Печатот се употребува за заверување на документи кои ги издава Домот.

Штембилот има правоаголна форма,со големина од 60 x 30мм и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо со текст редоследно напишан: Република Северна Македонија, Државен студентски дом „КОЧО РАЦИН,, а под нив се остава празен простор за запишување на архивски број, Бр.------------,под него се остава празна црта за дата и година----------------20------год и под него пишува Битола.

Употребата и чувањето на печатот и штембилот се врши од страна на лице овластено од Директорот на Домот, согласно Правилникот за формата, големината и содржината на печатот, начинот на негово чување и употреба, како и за штембилите на Државен студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола

## II . ДЕЈНОСТ НА ДОМОТ

Член 6

Основната дејност на Домот е остварување на потребите за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење.
Во рамките на дејноста, Домот обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето на студентите, како и задоволување на културно-забавните, спортско-рекреативните и други потреби на студентите.

Согласно класификацијата на дејности , шифрата на дејност на Домот е: 55.90- Друг вид на сместување.

Домот дејноста ја остварува во согласност со развојните документи и Програмата на Владата на Република Северна Македонија за остварување и развој на дејноста студентски стандард.

Споредна дејност на Домот е: Сместување и исхрана на гости, групи по повод разни културни, спортски и други манифестации, свечености и други услуги на граѓани, без да биде нарушена основната дејност на Домот.

Член 7

Доколку во Домот останат слободни места, може да се пополнат со редовни ученици од средните училишта согласно Законот за ученички стандард, по претходна добиена согласност од Министерството за образование и наука.

## III . ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 8

Внатрешната организација на Домот се уредува со посебен општ акт – Правилник за систематизација на работните места во Државен студентски дом „Кочо Рацин„ - Битола

Распоредот на работното време, одморите и отсуствата на вработените се уредуваат со посебен општ акт, согласно Законот за работни односи и колективен договор.

## IV. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Член 9

Работата на Домот во текот на студиската година се утврдува со Годишна Програма за работа .

Годишната програма за работа на Домот ја донесува Управниот одбор на Домот, на предлог од директорот на Домот, најдоцна до 01 Ноември и ја доставува до Министерството за образование и наука најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

## V. СТУДЕНТИ

Член 10

Во Домот се сместуваат студенти кои се школуваат надвор од местото на живеење.

Запишувањето и приемот на студентите во Домот се врши по пат на конкурс, кој го објавува Министерството за образование и наука во средствата за јавно информирање, најдоцна до 15 јули. Конкурсот за прием на студенти ги содржи критериумите за прием на студенти, бројот на расположиви места, потребни документи, роковите за запишување и прием и рокови за сместување во Домот.

Студентите за прием во домот поднесуваат електронска пријава, која е достапна на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

Член 11

Директорот на Домот од редот на вработените во Домот определува лице одговорно за сместување на примените студенти.

Домот со примените студенти склучува договор за користење на услугите, со кој се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на студентите и Домот.

Член 12

При користењето на услугите во Домот студентот е должен да се придржува на куќниот ред, што го донесува Управниот одбор на Домот.

На студентите, кои не се придржуваат на утврдениот куќен ред, може да им се изрече воспитна мерка: писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана на користење на услугите на Домот.

Утврдувањето на фактичката состојба за непочитување на куќниот ред, изрекувањето на воспитните мерки писмена опомена, опомена пред отстранување и забрана на користење на услугите на Домот, како и надоместувањето на причинетата штета на Домот, се изрекуваат во Согласност со Законот за студентски стандард и Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во Домот.

Член 13

Воспитните мерки писмена опомена и опомена пред отстранување се изрекуваат за полесни повреди од куќниот ред на Домот.

Полесна повреда на куќниот ред на Домот е:

- недолично и неодговорно однесување кон другите студенти и вработени во Домот,

- неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на домот со што се предизвикува помала материјална штета,

- не почитување на забраната за пушење во домот,

- непристојно однесување во ресторанот на домот,

- не одржување на хигиената во собата и заедничките простории во Домот,

- пуштање на гласна музика.

Член 14

Забрана за користење на услугите во Домот може да се изрече само за потешки повреди на куќниот ред на домот.

Потешка повреда на куќниот ред на Домот е:

- ненавремено непријавување на дефекти на уредите кои би предизвикале материјална штета,

- внесување и употреба на алкохол или наркотични средства,

- не придржување на прописите за заштита од болест, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина,

- навредливо или насилничко однесување,

- неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на домот со што се преизвикува поголема материјална штета,

- ненамирени трошоци за сместување во домот повеќе од три месеци,

- предизвикување на национална или расна нетрпеливост,

- не преземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверениот инвентар,

- спречување на вршење на контрола во собата од овластено лице на домот,

- отстапување на користење на собата на друго лице со стекнување на материјална корист,

- повторување на полени повреди на куќниот ред.

Член 15

Воспитната мерка забрана на користење услуги во студентскиот дом може да се изрече во траење до една година.

Член 16

Против изречената воспитна мерка, студентот има право на приговор во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката, до Управниот одбор на Домот.

Управниот одбор на Домот, може воспитната мерка да ја потврди, измени или укине.

Одлуката по приговорот е конечна.

Член 17

Студентите кои не се придржуваат на куќниот ред и/или ќе направат штета на домот, покрај изречената воспитна мерка ја надоместуваат и направената штета.

Член 18

Студентот кој намерно или од крајна небрежност предизвика штета на домот, должен е истата да ја надомести.

Ако повеќе студенти предизвикаат штета, секој од нив е одговорен за оној дел од штетта што ја предизвикал.

Ако за секој студент не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал, сите студенти се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови.

Ако повеќе студенти предизвикале штета со намерно казниво дејствие, за штетата се солидарно одговорни.

Член 19

За утврдување на штетата директорот формира комисија од три члена, од редот на вработените, со мандат од 1 година.

Комисијата врши увид на лице место при што ја констатира направената штета и утврдува вредност за надоместување на штетата.

Член 20

Статусот на студент корисник на услугите во домот престанува ако студентот:

- го заврши образованието,

- не се пријави за сместување во роковите што се определени со конкурсот,

- се испише,

- е на издржување казна затвор повеќе од шест месеци,

- му се изрече мерка забрана на користење на услугите во Домот.

## VI. ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

Член 21

Во Домот за примените студенти се води документација и евиденција со форма и содржина пропишана од Министерот за образование и наука.

Документација во Домот е главната книга каде што се води евиденција на примените студенти. Таа е документ од трајна вредност.

За секој примен студент се води досие.

## VII. ЦЕНА ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДОМОТ

Член 22

Цената за сместување и исхрана во Домот се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди за овој вид на услуги. Нормативите и стандардите ги утврдува Министерот за образование и наука, по предлог на комисија согласно Законот за студентски стандард.

Министерството за образование и наука за студентите кои се сместени во Домот партиципира до 50% од утврдената цена согласно со ставот 1 на овој член, а разликата до вкупната

цена ја доплаќа студентот.

Член 23

Висината на цената за сместување и исхрана во домовите ја утврдува Министерството за образование и наука согласно Програмата за остварување и развој на дејноста студентски стандард.

## VIII. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Член 24

**1. Управен одбор на**

Орган на управување во Домот е Управниот одбор.

Управниот одбор е составен од седум членови, и тоа: тројца претставници од основачот, двајца од редот на вработените во Домот, еден претставник од редот на студентите, станари во Домот и еден претставник од Универзитетот Св. „Климент Охридски,, Битола, каде што Домот е придружна членка, а врз принципите на стручност и компетентност.

Претставниците од основачот, претставникот од редот на студентите, станари во Домот и претставникот од Универзитетот Св. „Климент Охридски,, Битола, каде што Домот е придружна членка, не можат да бидат именувани од редот на вработените во Домот.

Претставниците од основачот за Домот ги именува и разрешува Владата на РСМ.

Претставникот од редот на студентите, станари во Домот и претставникот од Универзитетот Св. „Климент Охридски,, Битола, каде што Домот е придружна членка, се избираат и разрешуваат на начин утврден со нивните акти.

Член 25

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

Претставникот од редот на студентите, станари во Домот го номинира Советот на Станари на Домот.

Мандатот на членовите на Управниот одбор на Домот почнува од денот на неговото конституирање.

Управниот одбор на Домот, од редот на своите членови избира Претседател и Заменик претседател на Управниот одбор.

Конститутивната седница на Управниот одбор на Домот, ја свикува и со неа раководи до изборот на нов Претседател, Претседателот на претходниот Управен одбор.

Во случај на спреченост на Претседателот на претходниот Управен одбор да ја свика конститутивната седница, истата ја свикува Директорот на Домот, а до избор на Претседател, со седницата претседава најстариот член од новиот состав.

На првата конститутивна седница се врши верификација на мандатот на членовите на Управниот одбор врз основа на материјалите за извршеното именување на членовите на Управниот одбор на Домот.

Одлуките на Управниот одбор на Домот се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот.

Член 26

Мандатот на член на Управен одбор може да престане и пред истекот на времето од четири години:

- По негово барање
- Со отповикување
- Ако му престане статусот вработен во Домот,
- Ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор подолга од шест месеци,
- Во случај на смрт.

Член 27

Отповикувањето на член на Управниот одбор го врши органот што го именувал.

Членот на Управен одбор може да биде отповикан ако:

- Неоправдано отсуствувал од три седници,
- Осуден е за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на функцијата,
- Ако работи против интересите на Домот

Член 28

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот, а во негово отсуство Заменик Претседателот на Управниот одбор, по предлог на Директорот на Домот или по предлог на една третина од членовите на Управниот одбор и по Барање на надлежен орган.

Член 29

Постапката за избор на членови на Управен одбор започнува три месеци пред истекот на мандатот на членовите на Управниот одбор.

Ако навреме не заврши постапката за избор на нови членови на Управниот одбор , до нивниот избор, продолжува со работа претходниот Управен одбор.

Член 30

Управниот одбор на Домот донесува:

- Статут на Домот,
- Годишната програма за работа на Домот и ја доставува до Министерството за образование и наука најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.
- Извештај за работата во претходната година и го доставува до Министерството за образование и наука најдоцна до 31 јануари во тековната година,
- Годишен финансиски план и го доставува до Министерството за образование и наука најдоцна до

30 ноември во тековната година за наредната година.
- Завршна сметка и ја доставува до Министерството за образование и наука,
- Објавува јавен оглас за избор на Директор на Домот,
- Врши интервју со кандидатите за Директор на Домот,
- Предлага кандидат за Директор на Домот од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на Директор на Домот,
- Предлага цена за сместување и исхрана за студентите во Домот,
- Одлучува за прашања од материјално-финансиското работење во согласност со Закон и друг акт,
- Донесува општи акти,
- Именува членови на комисии и работни тела во Домот,
- Одлучува по приговори и жалби на вработените во Домот,
- Одлучува по приговори и жалби на студентите,
- Донесува Одлука за набавување и користење на основни средства, материјали и услуги во висина утврдена со Закон,
- Врши и други работи утврдени со Закон.

Член 31

За работа на седниците на Управниот одбор на Домот и другите органи и тела во Домот се води записник. Записничарот се избира од редот на вработените, кој не мора да биде член на Управниот одбор на Домот.

Записникот содржи основни податоци за работата на седницата: Реден број на седницата, назив на органот кој ја одржува седницата, дата, место и време на одржувањето, број на присутни и отсутни членови, куса содржина на дискусиите по точките од дневниот ред и име на дискутанитите, донесени одлуки и заклучоци, мнозинството со кое се донесени, времето на завршување на состанокот и потпис на претседавачот и записничарот.

Записникот се заведува во деловодната книга на Домот.

Член 32

**2. Директор**

Директорот е ракпводен орган на Домот и е одговорен за законитоаста во работата и за материјално-финансиското работење на Домот.

За Директор на Домот се избира лице кое покрај општите услови утврдени со Закон, ги исполнува и следните услови: Да има завршено високо образование –VII 1 степен на образование или студии од втор циклус со стекнати 240 ЕКТС и да има пет години работно искуство по завршувањето на високото образование.

Мандатот на Директорот на Домот трае четири години со право на повторен избор.

До колку Директорот на Домот бил избран два мандати последователно за Директор на Домот, истиот веќе не може да биде избран за Директор на Домот.

Броењето на мандатите за Директор од став 4 на овој член, започнува од стапување на сила на Законот за студентски стандард ( „Сл.Веесник на РМ„ бр.15/2013)

Директорот на Домот го именува и разрешува Министерот за образование и наука, по предлог на Управниот одбор на Домот.

Член 33

Директорот на Домот ја организира и раководи со работата на Домот, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата работа утврдена со Закон и актите на Домот и го застапува Домот пред трети лица.

Член 34

Директорот на Домот во рамките на своите надлежности може да овласти друго лице за преземање на определени правни и други дејствија.

Член 35

Во остварување на обврските и раководењето Директорот:
-Предлага Годишна програма за работа и презема мерки за нејзино спроведување
-Извршува Одлуки на Управниот одбор
-Врши исплаќање на средства согласно со Годишниот финансов план на Домот,
-Врши избор на вработени,
-Врши сместување на примени студенти,
-Предлага до Министерството за образование и наука број на студенти кои треба да бидат сместени во следната студиска година,
-Одлучува за распоредувањето на вработените,
-Поднесува Извештај за реализација на годишната програма и за материјално-финансиското работење на Домот до Управниот одбор на Домот и до Министерството за образование и наука,
-Врши и дриги работи предвидени со Закон, статут и други акти на Домот,
-Во рамките на својот делокруг на работа, формира посебни комисии или работни тела,

Во врска со извршувањето на работите, Директорот донесува наредби, упатства и решенија.

Член 36

Управниот одбор на Домот три месеци пред истекот на мандатот на постојниот Директор, донесува Одлука за распишување на јавен оглас за Директор.

Во објавениот оглас во јавните гласила се содржани условите кои треба да ги исполнува кандидатот за Директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор на Домот.

Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија од редот на Управниот одбор на Домот која работи согласно овој Статут.

Комисијата е должна во рок од пет дена по завршувањето на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

Управниот одбор на Домот може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно одредбите од овој Статут.

Членовите на Управниот одбор на Домот вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за Директор.

Управниот одбор на Домот во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на Министерот за образование и наука кандидат за избор на Директор.

Министерот за образование и наука во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за кандидат за Директор, врши избор на Директор на Домот.

Доколку навремено не биде именуван Директор на Домот, функцијата Директор на Домот ја извршува постојниот Директор, до именувањето на новиот Директор.

Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на Одлуката за избор, имаат право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на Директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата од став 12 на овој член, кандидатот има право да поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 37

На Директорот на Домот му престанува мандатот ако:

-Сам тоа го побара,
-Трајно ја загуби способноста за вршење на должноста Директор и
-Со навршување на 64 години старост

Член 38

Директорот на Домот се разрешува пред истекот на мандатот ако:

-Е направена повреда при извршување на Закони, други прописи и општи акти, утврдени од страна на Државниот просветен инспекторат,
-Не ја остварува Програмата за работа на Домот,
-По негова вина е нанесена штета на Домот ,студентите или Републиката,
-Дозволи организирање дејности и активности што се во спротивност со Програмата за работа,
-Дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансов план на Домот,
-Во други случаи утврдени со Закон.

Член 39

Доколку постојат одредени сознанија за постапување на Директорот на Домот спротивно на Закон и Стаутот на Домот, Управниот одбор на Домот свикува седница на која се донесува заклучок во писмена форма кој се доставува во Директорот.

Директорот има право во рок од седум дена од приемот да се изјасни за наводите во

заклучокот.

Доколку Управниот одбор не го прифати изјаснувањето на Директорот, свикува седница во рок од три дена и во присуство на претставници од Државен просветен инспекторат и Универзитетот „ Св. Климент Охридски„ Битола врши интервјирање на Директорот.
Претставникот од Државен просветен инспекторат дава мислење за оправданоста на разрешувањето на Директорот.

Доколку Управниот одбор оцени дека е неопходно, доставува предлог за разрешување на Директорот до Министерот за образование и наука.

Разрешениот Директор во рок од 15 дена од денот на приемот на Одлуката за разрешување, има право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на Директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Против одлуката на Комисијата , кандидатот има право да поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 40

Министерот за образование и наука во рок од 3 дена од денот на разрешувањето на Директорот, именува Вршител на должноста Директор од редот на вработените во Домот кој ги исполнува условите за Директор.

Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов Директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување.

Член 41

Директорот, кој не е повторно избран на јавен оглас или е разрешен не по своја вина пред истекот на мандатот за времето за кое е именуван, се распоредува во Домот на работно место соодветно на неговата стручна подготовка.

## IX. СОВЕТ НА СТАНАРИ

Член 42

Во Домот се формира Совет на станари кој го сочинуваат претставници од студентите кои престојуваат во Домот.

Советот на станари е составен од пет членови, и тоа од секоја зграда по еден член, а од најбројната зграда два члена.

Изборот на членовите на Советот на станари се врши до крајот на месец октомври.

Член 43

Мандатот на членовите на Советот на станари трае една година со право на уште еден избор.

За член на Советот на станари е избран оној кандидат кој ќе добие наголем број на гласови од вкупниот број на студнти што гласале.

Отповик на член на Совет на станари се врши на предлог од станарите на зградата, на ист начин како и за неговиот избор.

Член 44

На првиот конституитивен состанок членовите на Советот на станари, од своите редови, избираат претседател кој ги води седниците на Советот.

Претседателот на Советот на станари свикува седница ако тоа го побарале една третина од членовите на Советот, Управниот одбор на Домот, Директорот на Домот или други овластени лица.

Член 45

Советот на станари ги врши следните работи:

-Од студентите, сместени во Домот, номинира свој претставник во Управниот одбор на Домот,
-Од своите редови номинира член во Дисциплинската комисија на Домот, за повреда на куќниот ред од страна на студентите сместени во Домот.
- Разгледува прашања и дава мислења за подобрување на животот и работата на студентите во Домот,
- Соработува со Директорот и другите вработени во Домот,
- Врши други работи од интерес за студентите во Домот,
- По потреба формира помошни тела и ја координира нивната работа,
- Врши и други работи утврдени со закон.

Одлуките на Советот на станари се донесуваат со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на советот.

## X. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО ДОМОТ

Член 46

Средствата за финансирање на Домот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, согласно со Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија, како и од корисниците на услугите.

Министерството за образование и наука може да му додели на Домот средства за трошоци за тековно работење во однос на режим на греење, електрична енергија, потрошена вода и други трошоци, доколку настанат непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се предвидат и планираат со буџетот на Домот.

Член 47

Домот може да стекнува средства и од:

- Партиципација на корисниците на услугите,
- Продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна дејност,
- Легати, донации, завештанија, закуп и други извори.

Средствата од ставе еден од овој член ќе се користат согласно финансискиот план на Домот.

## XI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 48

Работата на Студентскиот дом и неговите органи е јавна.

За прашања кои претставуваат или се прогласени за деловна-службена тајна согласно Закон или друг акт, јавноста може да биде исклучена.

Заради заштита на интересите на Домот, се преземаат мерки за чување, ракување и соопштување на податоци кои се сметаат како деловна тајна.

Деловната тајна е должен да ја чува секој вработен во Домот.

По барање на надлежен државен орган, информациии што претставуваат деловна или друг вид тајна може да даде само Директорот на Домот.

## XII. ОДБРАНА, БЕЗБЕДНОСТ, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 49

Во воена состојба Домот превзема мерки за заштита и спасување на студентите, вработените, средствата за работа, архивската граѓа, заради што во мир спроведува соодветни подготовки.

Со спроведување на подготовките и превземањето мерки за заштита и спасување раководи Директорот на Домот, согласно посебен План за заштита и спасување.

Член 50

Домот соработува со државните органи од областа на одбраната, безбедноста, заштитата и спасувањето на луѓето и стварите.

Притоа, органите на Домот соработуваат со надлежните државни органи при вонредни или воени ситуации, при прогласување на елементарни непогоди и слично, при што по потреба објектите, средствата за работа и вработените ги става на располагање на соодветните државни органи.

## XIII. НОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

Член 51

Управниот одбор на Домот донесува општи акти- Правилници, Процедури и др. акти согласно со Закон

Член 52

Општите акти ги подготвува стручна служба или посебна комисија, која како предлог ги доставува до Управниот одбор на усвојување.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 53

Толкување на одредбите на овој Статут дава Управниот одбор на Домот.

Член 54

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат во постапка како и за неговото донесување.

Член 55

Овој Статут влегува во сила со дадената согласност од Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Член 56

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Државниот студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола, Бр. 01-119/2 од 29.08.2013 год. Донесен од Управниот одбор на Домот, како и Измeнувањата и дополнувањата на Статутот на ДСД „Кочо Рацин„ Битола, бр.02-136/3 од 29.03.2019 г.

Претседател на Управен одбор

Ристо Чулаковски

---------------------------